# З А П И С Н И К

**од 17-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржана на 26.12.2022 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 15.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 17-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог - Буџет на Општина Валандово за 2023 година;
2. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година;
3. Предлог - Буџетски календар за 2023 година;
4. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година;
5. Предлог - Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето;
6. Финансиски план на ЈОУДГ ,,Калинка” Валандово за 2023 година;
7. Предлог - Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година;
8. Предлог- Програма за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година;
9. Предлог - Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандовоза 2023 година;
10. Предлог - Програма за работа и развој на Јавното претпријатије ,,Комунален сервис” Валандово за 2023 година;
11. Предлог - Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2023 година;
12. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2023 година;
13. Предлог - Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година;
14. Предлог - Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2023 година;
15. Предлог -Програма за млади и спорт на Општина Валандово за 2023 година;
16. Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2023 година;
17. Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2023 година;
18. Предлог - Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година;
19. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Валандово за 2023 година;

20. Предлог-Програма за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2023 година;

21. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ “Гоце Делчев”Валандово.

Од страна на предтседателот на Советот беше предложена една дополнителна 22- ра точка:

1. Предлог-одлука за продолжување на работното време на уфостителските објекти во Општина Валандово за време на Божиќните празници на 06 и 07 јануари 2023 година за 2 часа.

Дополнувањето на дневниот ред со дваесетивтората точка беше ставено на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

Беше отворена расправа по предложениот дополнет дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен.

Пред да се пристапи кон работа по усвоениот дневен ред беше отворена расправа по записникот од 16-тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор, па записникот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 1-вата вонредна седница на Советот одржана на 30.11.2022 година.

Никој не се јави за збор, па записникот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

Пред да се премине на расправа по Предлог – Буџетот на Општина Валандово за 2023 година од страна на претседателот на Советот Владимир Марков беше објавено дека денес, 26,12.2022 година до архивата на Општината од страна на советничката група на ВМРО ДПМНЕ се доставени 3 амандмани: 120/1, 120/2 и 120/3. Истите се разгледани и на комисијата за финансирање и буџет и ќе се разгледат и на седницата на Сове..Тој повика претставник од советничката група на ВМРО ДПМНЕ да даде образложение на истите.

Јулија Тушевска се јави да даде образложение.Рече дека истите амндмани беа поднесени и минатата година, но не беа прифатени. Беа одбиени со изговор дека истите не се поднесени навреме, но од страна на градоначалникот беше кажано и покрај тоа истите ќе се реализираат.Но,од сето тоа немаше ништо. Сега се поднесуваат за следните амандмани:

<u>1Амандман 120/1 -.Пешачка патека во с.Марвинци</u>-рок за изведување до септември 2023 година

Овој амандман се предлага да биде вметнат во Програма АО Совет на општина, да се минусира 2 000 000денари од ставката 464 – разни трансфери кај што се предвидени 2 500 000 и да останат 500 000 и да се стават во програмата ЈД – реконструкција на улици и патишта ставка 482 каде што износот од 13 160 000 ќе стане 15 160 000. Рече дека граѓаните на ова населено место се чувствуваат во подередена улога во однос на другите населени места и со право бараат конкретен рок за завршување на оваа патека-септември 2023 година

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и Амандманот беше ставен на гласање. Со 6 гласа ЗА и 8 гласа ПРОТИВ против и 1 ВОЗДРЖАН истиот не беше изгласан.

2.Амандман 120/2 -Реконструкција на  младински дом во с. Собри, со рок на изведување до јуни 2023 година.

Во изминатиот период се направи кровната конструкција на објектот, но внатрешноста на истиот е во очајна состојба.  Долги години жителите во ова населено место се во подредена состојба, затоа се предлага да се опреми една просторија, која ќе ја користи населението,со што ќе се подобри културно –забавниот и ќе се подобри квалитетот на животот во ова населено место. Се предлага во Програмата ДО градоначалник во ставката 464,износот од планираните 920 000 денари  да се замени со износ од 1 070 000 денари, а  износот од 150 000 денари   да се вметне во Програмата ФА –изградба и реконструкција на објекти во ставката 482 и износот од 2 000 000 да се замени со 2 150 000 денари . Со 150 000 денари би се опремила една просторија, со ламинат, таван, врата и прозорци.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и Амандманот  беше ставен на гласање. Со 6 гласа ЗА и 9 гласа  ПРОТИВ   против  истиот не беше изгласан.

3.Амандман 120/3 -Набавка и вградување на современа, еколошка и енергетски-ефикасна опрема за загревање и ладење на спортската сала ,,Филип II Македонски Валандово со - рок за изведување до септември 2023 година

Се предлага во програмата ЕО општинска администрација  на ставката 425,договорни услуги  износот 2 675 000 денари да се замени со износ од 1175 000 денари., додека во Програмата ЛА капиталните расходи за спорт на ставката 482 износот 4 130 000 да се замени со 5 630 000 денари. Се предлага со износот од 1 500 000 денари да се набави топлинска пумпа за загревање и ладење на спортската сала која е без греење долги години, што е од исклучителна важност за здравјето на учениците, бидејќи истите ја користат  за изведување  настава по физичко образование .

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и Амандманот  беше ставен на гласање. Со 6 гласа ЗА и 9 гласа  ПРОТИВ   истиот не беше изгласан.

Поради целосно исцрпување на расправата по предложените амандмани се продолжи расправа по Предлог-Буџетот на Општина Валандово за 2023 година Воведно образложение имаше раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Како предлагач на Буџетот  му беше даден збор и на Градоначалникот на Општина Валандово Перо Костадинов.

Тој најпрво се осфрна на поднесените амандмани за кои рече дека и овојпат се класично неодговорно поднесени  иако беше кажано да се поднесат навреме. Го цитираше член 162 од законот според кој амандманите треба да се поднесат најдоцна 3 дена пред седница, а тоа значи во четврток. Според член 165  на седницата на  Совет член може по исклучок  да поденесе амандмани и на  самата седница, но во овој случај амндманите не се поднесени, ниту 3 дена порано, ниту на самата седница.

Буџетот за 2023 година  рече дека изнесува 4 500 000 евра  од кои  1 600 000 евра се основен буџет .Тој е изготвен со вклучување на сите структури во неговото креирање  освен советниците од советничката група на ВМРО ДПМНЕ. Зголемени се социјалните трансфери во време на економска криза и истите се на 2 000 000 денари, зголемени се и капиталните инвестиции  и вклучени се и тие кои беа одложени од минатата година, посебно во делот на изградба на патишта и улици. Од Министерството за транспорт и врски општината има одобрено, а не искористено 800 000 евра  кои ќе се употребат за асфалтирање на улици во индустриската зона. Реќе дека продолжуваат инвестициите во образованието и детската заштита, ТППЕ. Буџетот за 2023 година има развојна и социјална компонента и е креиран согласно можностите и состојбата во која се наоѓаме.Рече дека во стартот на новата година ќе следат јавни набавки за изградба на нова улица во Марвинци, нова улица во Валандово за поврзување со регионалниот пат, изградба на детска градинка во Пирава, Парк –Шума во Валандово, детски паркови во сите населени места. Ги повика

советниците од советничката група на ВМРО ДПМНЕ да се вклучат и да гласат за буџетот за 2023 година бидејќи за тоа се избрани од граѓаните.

Валентина Јанева се јави за збор. Рече дека буџетот е план за приходи и расходи за една година во кој влегуваат основен, самофинансирачки, донации, дотации и кредити. Кај сите ставки гледаме дека има покачување, тоа е за пофалба.донација од Министерството за транспорт и врски за асфалтирања во индустриската зона Раброво. Кај сите ставки во расходната страна има намалување, значи намалени се непродуктивните трошоци, а кај капиталните расходи се гледа дека буџетот е развоен во 2023 година.

Тоше Тодоров се јави за збор За Буџетот даде видување дека е сличен од буџетот за 2022 година со благо покачување. Прераспределбата по програми и потпрограми е таква како што одлучил градоначалникот и може само да заклучиме покрај толку нагласена социјална компонента дека имаме социјален буџет, а не развоен бидејќи стагнираат капиталните инвестиции дури и истите се намалени од претходната година. Кај социјалната страна како што имаше помош на првачиња, на лица со попреченост, а сега има најавено за самохрани родители, па тој предложи по 10 000 денари да се даде на секое семејство во Општината, па да биде социјален до крај. И еден друг аспект се гледа дека износот кој се собира од даноци се потрошува во целост за договорни услуги, па општината е најголемиот работодавач. Го праша градоначалникот колкав е број на вработени во општината и дали има функционална анализа за сите вработени

Градоначалникот се јави за реплика. Му предложи на советникот Тоше Тодоров прво да се информира, па потоа да дискутира. Рече дека буџетот освен социјална компонента има и развојна компонента, а таа се гледа во инвестициите. Рече дека сите податоци стојат на веб страната со број на вработени и функционална анализа. Му забележа дека со оваа дискусија ги навредуваат граѓаните кои се социјално загрозени, некои се сосем заборавени и во овие тешки времиња едвај преживуваат и имаат потреба од социјална помош. Му рече дека џабе му е што некои одлуки ги гласа, кога со ваков испад ги навредува граѓаните кои се социјални случаеви и приматели на социјална помош во ОВ.

Тоше Тодоров се јави за конта реплика. Рече дека сака да се извини доколку беше лошо разбран, не сакал никого да навреди што бил субвенциониран, било тоа хендикепирани лица, или првоодделенци, тоа не му била намерата, но со самото излагање на градонаќалникот дека неко не е информиран , постојано навредување и дискредитирање на соговорникот за да доминира неговото кажано.Повторно нагласи за вработувањето бидејќи според ЕУ правила на 1000 жители следува 1 вработен , тоа значи дека доколку во Валандово има 10 000 шители, нека не се 10 , нека се 20 вработени, но кај нас во општината не е така.Рече дека се одвојуваат големи средства за плати и затоа тој тоа го нагласува.

Градоначалникот зема збор. Рече дека тој никогаш никого не омаловажува и дискредитира, тоа вие со својата дискусија си го правите со тоа што изнесувате паушални податоци, Велите 1 вработен на 1000 жители, општината ја следува 10 ај не туку 20 вработени, каде стои тоа правило, побара да го види. Според Закон систематизацијата на Општина Валандово има предвидено се 50 вработени, во која спаѓаат и 13 пожарникари. Рече дека сите овие дискусии се паушални. Вистинските податоци ги има на веб страната на општината и може да се проверат.

Немаше други пријавено за дискусија и Предлог –Буџетот на општина валандово беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година беше отворена расправа и никој не се јави за збор па беше ставена на гласање и изгласана со 9 ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Буџетскиот календар за 2023 година беше отворена расправа и никој не се јави за збор,па беше ставен на гласање и изгласан со 9 ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година беше отворена расправа и никој не се јави за збор па беше ставена на гласање и изгласана со 15 ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По Предлог – Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на вработените во ТППЕ Валандово кои имаат статус на овластени службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето образложение даде вработената во општинската администрација Душица Парнаркова. Рече дека со донесување на овој правилник престанува да важи претходниот правилник донесен во 2019 година.

Беше отворена расправа,но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Финансиски план на ЈОУДГ ,,Калинка" Валандово за 2023 година образложение имаше директорката на градинката Марија Тодорова Занова.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше изгласана со 9 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Предлог - Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година образложение даде вработената во општинската администрација Анита Трајкова. .

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

ПО Предлог- Програма за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година повторно образложение даде вработената во општинската администрација Анита Трајкова. .

Беше отворена расправа но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 9

По Предлог - Програма за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2023 година по третпат Анита Трајкова даде образложение.

Беше отворена расправа но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог - Програма за работа и развој на Јавното претпријатије,,Комунален сервис" Валандово за 2023 година излагање имаше директорката на ЈП Комунален сервис Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 11

По Предлог - Програма за одржување на јавната чистота во Општина Валандово за 2023 година излагање имаше вработениот од оделението на ЛЕР во Општината Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 12

По Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Валандово за 2023 година повторно излагање имаше Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 13

По Предлог - Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година и по третпат излагање имаше вработениот од оделението на ЛЕР во Општината Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 14

По Предлог - Програма за работа на ТППЕ Валандово за 2023 година образложение даде командирот на ТППЕ Валандово Горан Дилберов.

Беше отворена расправа. Збор зема претседателот на Советот Владимир Марков и упати благодарност до единицата за ТППЕ и рече дека тие се нашите херои.

ТОЧКА 15

По Предлог -Програма за млади и спорт на Општина Валандово за 2023 година образложение имаше Стефан Димитров, вработен во општинската администрација.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 16

По Предлог – Програмата за активности на Општина Валандово во областа на културата во 2023 година излагање имаше Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 17

Предлог - Програма за активности на Општина Валандово во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2023 година излагање имаше повторно Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и точката беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 18

По Предлог - Програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година ја образложи Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов. Рече дека се што е предвидено во Програмата за 2023 година е добро, но минатата година имавме приоритет за улицата Вардарска во Удово, а таа не е ставена ни оваа година. Рече дека одржувањето на уличното осветлување не се прави како што треба. Во Јосифово 5 канделабри со броевите:36,37,38,39 и 40 не светат, во Удово исто така сите не функционираат.

Глигорије Џилвиџиев одговори дека минатата година улицата Вардарска не се направи, но кажано е дека во Програмата ќе бида опфатени нови улици, па ќе биде опфатена и таа.

За канделабрите што не светат во Јосифово веќе е пријавено и дефектот ќе се санира.

Немаше други пријавено за дискусија и Предлог –Програмата на општина Валандово беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ

ТОЧКА 19

По Предлог – Програмата за работа на Советот на Општина Валандово 2023 година немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 20

По Предлог-Програма за одбележување на значајни дати, настани и личности од поблиското и подалечното минато на македонскиот народ и општината во 2023 година немаше пријавено за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 21

По Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ "Гоце Делчев"Валандово образложение даде Стефан Димитров.

Беше отворена расправа .

Никој не се јави за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 22

По Предлог-одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Валандово за време на Божиќните празници на 06 и 07 јануари 2023 година за 2 часа

Никој не се јави за дискусија и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на ОпштинаВаландово
Претседател
Владимир Марков